Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-56/1
10-01-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08–866/1 од 22.12.2023 година, поднесена од [redacted] со седиште на [redacted] Илинден, Скопје, преку управителот [redacted] од Скопје, за извршена дискриминација врз основа на лично својство во областа на работата и работните односи, од страна на Акционерско Друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–866/1 од 22.12.2023 година, поднесена од [redacted] со седиште на [redacted] Илинден, Скопје, преку управител [redacted] од Скопје, **ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

### О б р а з л о ж е н и е

На 22.12.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] во индустриска зона Илинден, Скопје, преку управител [redacted] од Скопје, против Акционерско Друштво Водостопанство на Република Северна Македонија.

Согласно наводите во поднесената претставка, по спроведена отворена постапка по оглас бр. 16299/2023 од 14.09.2023 година за доделување на договор за јавна набавка за потребите на АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост, каде единствен критериум за избор на понудувач била пониска цена, понудата на подносителот на претставката била отфрлена иако била пониска од онаа која била понудена од страна на економскиот оператор кој бил избран на огласот, а чија цена за понудата била три пати повисока. Во Известувањето за извршен избор на најповолна понуда, кое подносителот на претставката го добил од АД Водостопанство на РСМ било наведено дека причина за отфрлање на понудата било наводно отсуство на доказ за поседување на гаранција од производителот за три производи кои според подносителот на претставката тенденциозно биле додадени во техничката спецификација со цел да се обезбеди конкурентска предност на избраниот економски

оператор. На крај подносителот на претставката нагласува дека АД Водостопанство на РСМ бил загубар кој користел пари на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, па посочува дека не треба да се дозволи таква злоупотреба на народни пари.

Од изнесеното во претставката, Комисијата утврди дека нема надлежност за постапување по конкретното прашање согласно нејзините утврдени надлежности со член 21 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација. Имено, со оглед дека подносителот на претставката имплицира можна злоупотреба на финансиски средства од Буџетот на државата доделени по пат на оглас за доделување на договор за јавна набавка, Комисијата го упатува подносителот за истото да ги извести надлежните правосудни органи, како и Управата за финансиска полиција и да оствари заштита на правата пред надлежен суд.

Врз основа на сето изнесено, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
09.01.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk